**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност на Одлуката за отстапување на движни основни средства -возило фолсфаген од ЈП „Погребни услуги“ Охрид на ЈП „Градски гробишта“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.10.2013 година.

**Број 08-6237/16** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.10.2013 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија и член 17 и член 18 од Статутот на ЈП „Погребни Услуги“ и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.10.2013 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ДВИЖНИ ОСНОВНИ СРЕДСТВА-ВОЗИЛО ФОЛСВАГЕН ОД ЈП „ПОГРЕБНИ УСЛУГИ“ ОХРИД НА ЈП „ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за отстапување на движни основни средства – возило Фолсваген од ЈП „Погребни услуги “ Охрид на ЈП „Градски гробишта“ Охрид, донесена од УО на ЈП „ Погребни услуги “ Охрид бр.02-94/5 од 10.10.2013 год.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-6237/16** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.10.2013 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 17 и член 18 од Статутот на ЈП „Погребни Услуги“-Охрид. Управниот одбор на јавното претпријатие на својата седница одржана на ден 10.10.2013 година, ја донесе следнава:

**ОД Л У К А**
**За отстапување на движни основни средства-возило фолсваген од ЈП „Погребни Услуги“ на ЈП „Градски Гробишта“**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши отстапување на правото на сопственост на движни основни средства од ЈП „Погребни Услуги“ на ЈП „Градски Гробишта“.

**Член 2**

Предмет на отстапување на сопственост е товарно моторно возило Volksvwagen со карактеристики:

- Тип: 70 XOA
- Број на шасија: WV2ZZZ70ZRH113206
- Број на мотор: OZRH 113206
- Година на производство: 1994 година
- Маса на празно возило kg: 994

**Член 3**

Отстапувањето на средството се врши според книговодствената и фактичката состојба евидентирана во ЈП Погребни Услуги Охрид со запишување во книговодствена евиденција на ЈП Градски Гробишта.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на добивање на согласност од страна на Советот на општина Охрид.

**Управен Одбор на**
**ЈП „Погребни услуги“-Охрид**
**Претседател: Николоски Љупче, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ ЈП „ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на одлуката за утврдување на висината на надоместокот на услугите што ги врши ЈП „Градски Гробишта“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.10.2013 година.

**Број 08-6237/17** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.10.2013 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.10.2013 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ ЈП „ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот на услугите што ги врши ЈП „Градски гробишта“ Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈП „Градски гробишта“ бр. 02-874/3 од 14.10.2013 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден, од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-6237/17** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.10.2013 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија и член 19 од Статутот на ЈП Градски Гробишта Охрид Управниот Одбор на ЈП Градски Гробишта Охрид ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот на услугите што ги врши ЈП Градски Гробишта Охрид**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот на услугите што ги врши ЈП Градски Гробишта Охрид бр.02-712/2 од 05.09.2013год.

**Член 2**

Членот 3 се менува и истиот ќе гласи:

Висината на надоместокот за одржување на гробиштата (гробарина) за периодот 01.01.2013 до 31.12.2013 година изнесува:

- Одржување на гробиштата – гробарина ( за старателство на едно гробно место/годишно)------------------------------------------------686,оо денари;
- Одржување на гробиштата – гробарина ( за старателсво на две гробни места/годишно)-------------------------------------------1.143,оо денари;
- Одржување на гробиштата – гробарина ( за старателсво на три или повеќе гробни места/годишно)-------------------------------------------1.429,оо денари.

Висината на надоместокот за одржување на гробиштата (гробарина) за периодот 01.01.2014 до 31.12.2014 година изнесува:

- Одржување на гробиштата – гробарина ( за старателство на едно гробно место/годишно)------------------------------------------------571,оо денари;
- Одржување на гробиштата – гробарина ( за старателсво на две гробни места/годишно)-------------------------------------------952,оо денари;
- Одржување на гробиштата – гробарина ( за старателсво на три или повеќе гробни места/годишно)-------------------------------------------1.143,оо денари.

**Член 3**

Во Член 4 во точка 54 зборот “денари/м” се менува и гласи “денари/парче”;
Во точка 55 зборот “денари/м” се менува и гласи “денари/парче”;
Во точка 56 зборот “денари/м” се менува и гласи “денари/парче”.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на добивање на согласност од Советот на Општина Охрид.

**ЈП Градски Гробишта Охрид**
**Претседател на УО**
**Никола Савиќ, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА ДВИЖНИ ПРЕДМЕТИ ОД ОПШТИНА ОХРИД НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за пренесување правото на сопственост на движни предмети од општина Охрид на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.10.2013 година.

**Број 08-6237/18**
**29.10.2013 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 25 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници („Сл. весник на РМ“ бр. 28/03, 62/06 и 8/09), член 64 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата, одржана на ден 29.10.2013 год. ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ - ДВИЖНИ ПРЕДМЕТИ ОД ОПШТИНА ОХРИД НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД**

**Член 1**

Се пренесува правото на сопственост од општина Охрид на ЈП „ Охридски Комуналец “ Охрид на следните движни предмети :

| **Вид на средство** | **Кол.** | **Отпишана вредност** | **Корисник** |
|---|---|---|---|
| Фрижидер | 1 | 61.201,00 | ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид |
| Електричен шпорет | 1 | 43.804,00 | ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид |
| Машина за мелење месо | 1 | 38.022,00 | ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид |
| Електрична печењара | 1 | 52.333,00 | ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид |
| Фритеза | 1 | 21.314,00 | ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид |
| Фрижидер | 1 | 36.048,00 | ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид |
| Луштилница | 1 | 35.793,00 | ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид |
| Шерпа Росфајт | 1 | 7.614,00 | ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид |
| Пулт Росфајт | 1 | 31.538,00 | ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид |
| Умивалник | 1 | 27.283,00 | ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид |
| Вага со тегови | 1 | 3.744,00 | ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид |
| Електричен кипер | 1 | 58.108,00 | ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид |
| Маси | 1 | 108.136,00 | ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид |
| Столици | 1 | 91.613,00 | ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид |

**Член 2**

Сопственоста на движните предмети се пренесува без надоместок.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-6237/18** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.10.2013 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗБРАТИМУВАЊЕ НА ОПШТИНА ОХРИД СО ОПШТИНА СТАРИ ГРАД САРАЕВО -БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за збратимување на општина Охрид со општина Стари Град Сараево -Босна и Херцеговина, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.10.2013 година.

**Број 08-6237/19** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.10.2013 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и врз основа на чл.18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.10.2013 год. донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ЗБРАТИМУВАЊЕ НА ОПШТИНА ОХРИД СО ОПШТИНА СТАРИ ГРАД САРАЕВО - БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

**Член 1**

Општина Охрид се збратимува со општина Стари Град Сараево - Босна и Херцеговина .

**Член 2**

Се овластува градоначалникот на општина Охрид Никола Бакрачески да го потпише актот за збратимување на градовите.

**Член 3**

Видот и начинот на соработката помеѓу збратимените градови од член 1 на оваа одлука ќе се утврди со посебен протокол.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-6237/19** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.10.2013 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА СОВЕТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за формирање на Совет за заштита на потрошувачи, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.10.2013 година.

**Број 08-6237/20** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.10.2013 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 123,124,125 од Законот за заштита на потрошувачите („Службен весник на РМ бр.38/04) и член 1 и 13 од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите ( Службен весник на Рм бр.77/07, 103/08), член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општината Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.10.2013 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ СОВЕТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ**

**Член 1**

Се формира Совет за заштита на потрошувачите кој ќе се грижи за заштита и остварување на правата на потрошувачите во однос на заштита на здравјето, безбедноста, економските интереси и за нивното редовно информирање во остварувањето на нивните права.

**Член 2**

Членовите на Советот за заштита на потрошувачи се избираат од редовите на советниците , здруженијата на потрошувачи и од други здруженија на граѓани, јавните претпријатија, стопанските комори и од државните органи на инспекцискиот надзор кои имаат надлежности поврзани со заштита на потрошувачите.

**Член 3**

За членови на Совет за заштита на потрошувачи се избираат:

**ЈАДРАНКА ВАСИЛИВСКА ЗДРАВЕСКА**

**ЈОВАН СТОЈАНОСКИ**

**МИЛАНКА ПАНДЕЛЕСКА**

**СОЊА РИСТОСКА АНДОНОСКА**

**ИГОР БЛАЖЕСКИ**

**ЃОРЃИ БОШАЛЕВСКИ**

**ВАНГЕЛ СПИРОСКИ**

**Член 4**

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за формирање Совет за заштита на потрошувачи бр.07- 852/3 од 27.04.2006 год.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-6237/20** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.10.2013 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ ЛОКАЛЕН СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за формирање Локален совет за превенција на подрачјето на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.10.2013 година.

**Број 08-6237/21**
**29.10.2013 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр.8/07“), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.10.2013 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ ЛОКАЛЕН СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ЗА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира Локален Совет за превенција за подрачјето на општина Охрид.

**Член 2**

Локалниот Совет за превенција на подрачјето на општина Охрид ќе го сочинуваат :

- Никола Бакрачески - Градоначалник
- Димитар Спасески -Секретар на општина
- Гордана Коњановска -Претседател на Совет
- Илија Арнаудоски - Советник
- Павел Попоски - Советник
- Жаклина Лазаревска - Советник
- Лиле Маркоска -Сектор за јавни дејности
- Томе Змејкоски - Одделение за комунален развој и сообраќај
- Велко Спространов - Командир на полициска станица
- Стојанчо Арнаудов -Јавен обвинител
- Горан Маркоски - ТППЕ
- Тања Маленкова - Локални медиуми
- Наде Мартиноска - Здружение на жени „ Бисера“
- Горан Шибакоски - Совет за млади
- Екрем Каљоши - ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи
- Никола Тренески - ОСУ „Св. Климент Охридски“ Охрид
- Весела Темјаноска – ОУТУ „Ванчо Питошески“ Охрид
- Јане Цаноски - ОЕМУЦ „ Св. Наум Охридски“ Охрид
- Кирил Пецаков - РК Охрид

**Член 3**

Локалниот Совет за превенција има за задача да изгради хармонични односи помеѓу полицијата и граѓаните.

**Член 4**

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за формирање локален совет за превенција бр. 07-1403/10 од 26.06.2008 год . и Одлуката за измена на Одлуката за формирање локален совет за превенција бр. 07-1639/23 од 25.06.2009 год.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Бр.07-6237/21** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.10. 2013 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ОПШТИНСКИ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за формирање на општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.10.2013 година.

**Број 08-6237/22** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.10.2013 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 412 од Законот за безбедност на патиштата („Сл.весник на РМ“ бр.54/07“) и член 18 од Статутот на општина Охрид ( Сл. гласник на општина Охрид бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.10.2013 год., донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ ОПШТИНСКИ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Заради развивање и унапредување на сообраќајно образование и воспитување на учесниците во сообраќајот, остварување на соработка и координација во развивањето на сообраќајно - превентивна работа и самозаштита, унапредување на општата безбедност на сообраќајот на патиштата како работа од општествен интерес, како и заради иницирање и предлагање на потребни мерки за поголема безбедност на сообраќајот на патиштата, во Република Македонија функционира Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата (во

натамошниот текст: Републички совет), а општините и градот Скопје - општински совети за безбедност на сообраќајот на патиштата како посебни општински совети за безбедност на сообраќајот на патиштата како посебни општински тела, односно совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во градот Скопје.

**Член 2**

За претседател и членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Охрид **СЕ ИМЕНУВААТ**:

| | |
|---|---|
| **ЦАНЕ ЃЕОРГИЕСКИ** | **претседател** |
| **БЛАГОЈА МЕРУЏЕСКИ** | **член** |
| **ЈОВАН МИТРЕСКИ** | **член** |
| **МИЛЕ МИЛОШЕСКИ** | **член** |
| **ДИМИТАР ВАСИЛЕСКИ** | **член** |
| **ДИМЧЕ НАУМОСКИ** | **член** |
| **БЛАГОЈА РИСТЕСКИ** | **член** |
| **ФЛОРЕНТИНА СТЕРЈОВСКА** | **член** |
| **КИРЕ НИКОЛОСКИ** | **член** |
| **ЃОКО МИЛЕСКИ** | **член** |
| **АРБЕН ДАЛИПИ** | **член** |
| **КЛИМЕ ШЕШОСКИ** | **член** |
| **ТОМЕ СТЕФАНОСКИ** | **член** |

**Член 3**

Задачи на Советот од членот 1 на оваа Одлука се:

- унапредување на работите сврзани со безбедноста на сообраќајот на патиштата,
- унапредување на сообраќајното воспитување и образование на учесниците во сообраќајот и развивање на сообраќајно - образовната работа на предучилишните установи и училиштата,
- остварување соработка и координација во превентивната работа на државните органи, институциите, правните лица и другите субјекти по прашањата на самозаштита во обласата на сообраќајот на патиштата,
- организирање и учество во сообраќајно - воспитни акции и манифестации од областа на сообраќајната превентива,
- поттикнување, развивање и помагање на научно - истражувачка работа во обласата на сообраќајот на патиштата,
- набавка и издавање на сообраќајно - воспитни публикации, филмови и слично,
- организирање на научни и стручни собири за работа од обласата на безбедноста на патниот сообраќај и

соработка со средствата за јавно информирање, заради навремено, целосно и објективно информирање на јавноста за меркита за унапредување на сообраќајната превентива и безбедноста на сообраќајот на патиштата.

**Член 4**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за формирање Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Охрид и именување на негови членови бр. 07-3181/19 од 02.12.2009 год.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-6237/22**
**29.10.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ПАРТИЦИПАТИВНО ТЕЛО ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СТРУЧНОСТ И ЈАВНОСТ ВО ПРОСТОРНОТО И УРБАНИСТИЧКОТО ПЛАНИРАЊЕ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за формирање на Партиципативно тело за обезбедување стручност и јавност во просторното и урбанистичкото планирање, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.10.2013 година

**Број 08-6237/23**
**29.10.2013 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) и член 69 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр.8/07“) и член 17 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ бр. 51/05,144/12 и 55/13“), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.10.2013 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРТИЦИПАТИВНО ТЕЛО ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СТРУЧНОСТ И ЈАВНОСТ ВО ПРОСТОРНОТО И УРБАНИСТИЧКОТО ПЛАНИРАЊЕ**

**Член 1**

Советот на општина Охрид формира Партиципативно тело за обезбедување стручност и јавност во просторното и урбанистичкото планирање.

**Член 2**

Партиципативното тело ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица, ги следи состојбите во планирањето преку давање иницијативи, насоки и сугестии за изготвување плански решенија во општина Охрид.

**Член 3**

За членови во Партиципативното тело се избираат :

**ИЉАТ ИБРАИМ**
**МИМОЗА ЛОШКОСКА МИНОСКА**
**САШО КОРУНОСКИ**
**ЛИЛЕ ЈОНОСКА**
**НИКОЛА ТОЧКО**
**НИНА ТРЕНДАФИЛОВА**
**НАУМ ЈАМАНДИЕВ**
**ТАЊА БУНТАШЕСКА ПАСКАЛИ**
**ПАВЛИНА ЦЕЛЕСКА**

**Член 4**

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 07-2488/3 од 12.10.2005 год.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Охрид“.

**Број 07-6237/23**
**29.10.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ДОПОЛНУВАЊАТА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ОПШТИНА ОХРИД 2013-2015**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на дополнувањата на Развојната Програма за изработка на урбанистички планови општина Охрид 2013-2015, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.10.2013 година.

**Број 08-6237/24**
**29.10.2013 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.10.2013 година донесе:

**О Д Л У К А**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ДОПОЛНУВАЊАТА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2013-2015 ГОД.**

**Член 1**

Се усвојуваат дополнувањата на развојната Програмата за изработка на урбанистички планови за 2013-2015 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден, од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-6237/24** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.10.2013 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.60/11, 53/13), член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.10. 2013 год. го донесе следното :

**ДОПОЛНУВАЊЕ НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА**
**за изработка на урбанистички планови за општина Охрид во 2013-2015 година**

Се врши дополнување на развојната Програма за изработка на урбанистички планови за општина Охрид во 2013-2015 година бр.07- 2676/22 од 10.06.2013 год.

Во точка **II. Приоритетни планови финансирани од општина Охрид ,** по точка 7, се додава нова точка 8 и истата гласи :

**8. ДУП за УЗ 4 дел од од УБ 4.7 опфат 2**
површина: ........................................................................ П = 2,5 ха
цена: ........................................................................ 23 500,оо ден.

**Број 07-6237/24-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.10.2013 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ОУ „ЖИВКО ЧИНГО “ С. ВЕЛГОШТИ НА КП БР.2270/2 КО ВЕЛГОШТИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување потреба од изработка на локална урбанистичка планска документација за ОУ „Живко Чинго “ с. Велгошти на Кп .бр.2270/2 КО Велгошти, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.10.2013 година.

**Број 08-6237/25**
**29.10.2013 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 50-а , став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање и Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на Р.М“ број 60/11,144/12 и 55/13 ) , и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.10.2013 година,ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ОУ “ЖИВКО ЧИНГО” ВЕЛГОШТИ НА КП.бр 2270/2 КО ВЕЛГОШТИ**

**Член 1**

Се утврдува потреба од изработка на локална урбанистичка планска документација за ОУ „Живко Чинго“ Велгошти.

**Член 2**

Просторот на опфат по локалната урбанистичка планска документација за **ОУ “ЖИВКО ЧИНГО” ВЕЛГОШТИ** е опфат на границите на катастарската парцела бр. 2270/2 КО Велгошти.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07- 6237/25**
**29.10.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска, с.р.**